Република Северна Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

# ЧЕТВРТ ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШАЈ

# за

# СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА 2018-2022 ГОДИНА

# (ЈАНУАРИ – ЈУНИ 2021 ГОДИНА)

ЈУНИ 2021 ГОДИНА

# Листа на кратенки

| Кратенка | Значење |
|---|---|
| СРЈА | Стратегија за реформа на јавната администрација |
| АКН | Агенција за катастар на недвижности |
| АП | Акциски план |
| ВРСМ | Влада на Република Северна Македонија |
| ГС ВРСМ | Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| ЕДП | Табели за државен долг |
| ДУИ | Државен управен инспекторат |
| ЕСА | Европски систем на сметки (European System of Accounts –ESA) |
| ЕТУ | Една точка на услуги |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЗАС | Закон за административни службеници |
| ЗВЈС | Закон за вработените во јавниот сектор |
| ЗВРС | Закон за висока раководна служба |
| ЗОУП | Закон за општата управна постапка |
| ЗООДУ | Закон за организација на органи на државна управа |
| ИКТ | Информациско комуникациски технологии |
| ИПА | Инструмент за претпристапна помош (IPA: Instrument for Pre-Accession Assistance) |
| АЗПСПИЈ К | Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер |
| | Министерство за локална самоуправа |
| МЛС | Министерство за економија |
| МЕ | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МЖСПП | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| МЗШВ | Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги |
| РКЕВУ | Заедница на единиците на локална самоуправа |
| ЗЕЛС | Државен архив на Република Северна Македонија |
| ДАРСМ | |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МИОА | Министерство за информатичко општество и администрација |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| АА | Агенција за администрација |
| МФ | Министерство за финансии |
| КПВРСМ | Канцеларија на претседател на Владата на Република Северна Македонија |

| | |
|---|---|
| **ОДУ** | Органи на државна управа |
| **ДКСК** | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| **ДБКИ** | Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации |
| **ДЗС** | Државен завод за статистика |
| **ОСР** | Оценка на спроведување на регулативата |
| **ПВР** | Проценка на влијание на регулативата |
| **УЧР** | Управување со човечки ресурси |
| **РЈА** | Реформа на јавна администрација |
| **СЕП** | Секретаријат за европски прашања |
| **НКБК** | Национална канцеларија за бродбенд компетентност |
| **СРСМ** | Собрание на Република Северна Македонија |
| **СИГМА** | SIGMA (Support for Improvement in Governance and Management), заедничка иницијатива на ОЕЦД и Европската Комисија |
| **ОБСЕ** | Организацијата за безбедност и соработка со Европа |
| **УВМК** | Управа за водење на матичните книги |
| **ЕУПАН** | Европската мрежа на јавни администрации |
| **ЦАФ** | Европската заедничка рамка за проценка за подобар квалитет во јавната администрација |
| **ЦЦРСМ** | Централен регистар на Република Северна Македонија |
| **ААВМУ** | Агенција за аудиовизуелни медиумски услуги |

# ВОВЕД

Четвртиот полугодишен Извештај претставува преглед за напредокот во спроведување на Стратегијата за РЈА 2018-2022 година и Акцискиот план постигнат во периодот јануари – јуни 2021 година. За разлика од годишните Извештаи кои се поаналитички и се фокусираат на постигнати резултати и мерења согласно индикаторите, овој Извештај, како и претходните три полугодишни Извештаи за имплементација, има за цел да го прикаже степенот и статусот на спроведување на активностите предвидени во АП, согласно временската рамка. Со цел полугодишните извештаи да се концизни и едноставни за читателот, нивната структура ќе се фокусира на успешните приказни и предизвици за секоја област. Во исто време, за обезбедување на целосна транспарентност во однос на спроведување на реформата, секој Извештај за имплементација на СРЈА и АП 2018 – 2022 ќе биде пропратен од Матрица која ќе содржи сеопфатен статус за секоја активност, како и очекувани ризици, следни чекори, и други релевантни информации. Овој извештај е изготвен согласно ревидираниот АП за 2019 година.

**Првото поглавје од овој извештај содржи детални информации за активностите чие започнување/реализација е предвидено во првиот и вториот квартал од 2021 година**, односно дава преглед на статусот на реализација на вкупно 51 активност од АП.




Статусот на конкретните активности ќе биде претставен на три нивоа со три бои, во зависност од тоа дали активноста е „целосно спроведена“ (зелена боја), дали е „во тек на спроведување“ (жолта боја), или спроведувањето на активноста значително „доцни“ или не е отпочнато (црвена боја). „Целосно спроведена“ активност е онаа што е потполно реализирана во планираниот рок, предвиден во АП. „Во тек на спроведување“ е онаа активност чиешто спроведување започнало/се очекува да започне во предвидениот рок. „Доцни“ се однесува на активност чиешто спроведување го надминува предвидениот рок или активност чиешто спроведување воопшто не отпочнало во планираниот рок, согласно АП. Оценката за реализација од стручен аспект ја утврдува МИОА, врз основа на информациите добиени од институцијата задолжена за спроведувањето на конкретната активност. Оценката може да претрпи измени по анализата на МИОА и по спроведените дискусии со институцијата задолжена за спроведување на активноста.

Во втора глава од овој Извештај се дава сеопфатен преглед на статусот на имплементација од усвојување на СРЈА и АП (февруари 2018 - јуни 2021). Оттука, Матрицата нуди преглед на вкупно 200 активности, односно 51 активност за периодот јануари – јуни 2021.



# СОДРЖИНА

ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД ........ 1
I. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД ........ 3
КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ И КООРДИНАЦИЈА ........ 3
ЈАВНА СЛУЖБА И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ........ 6
ОДГОВОРНОСТ, ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ........ 8
ДАВАЊЕ УСЛУГИ И ИКТ ПОДДРШКА НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА ........ 11
II.СТАТУС НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА ПЕРИОДОТ ФЕВРУАРИ 2018 – ЈУНИ 2019 ........ 14
III.СЛЕДНИ ЧЕКОРИ ........ 16

# ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД

# ЈАНУАРИ – ЈУНИ 2021 ГОДИНА




Од вкупно 51 активност за кои се известува во наведениот период, целосно спроведени се 5 активности, спроведувањето е во тек на 22 активности, а 24 активности доцнат или не се отпочнати. Со други зборови, околу 53 % од активностите се реализирани/реализираат согласно предвидената временска рамка.

**СТАТУС НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ПО ИНСТИТУЦИИ НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИ**

| | РЕАЛИЗИРАНИ | ВО ТЕК | ДОЦНАТ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| МИОА | 4 | 14 | 20 | 38 |
| ГС | 1 | | | 1 |
| ДЗС | | 3 | | 3 |
| ДКСК | | | 1 | 1 |
| АЗСПИЈК | | 2 | | 2 |
| УВМК | | 1 | | 1 |
| МТСП | | 1 | 1 | 2 |
| КПВРСМ, МИОА | | 1 | | 1 |
| АА | | | 2 | 2 |

## СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ПО ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ

### ПО1: КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ И КООРДИНАЦИЈА




### ПО2: ЈАВНА СЛУЖБА И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ




### ПО3: ОДГОВОРНОСТ, ОТЧЕТНОСТ, ТРАНСПАРЕНТНОСТ




### ПО4: ДАВАЊЕ УСЛУГИ И ИКТ ПОДДРШКА НА АДМИНИСТРАЦИЈА



# I. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД

## ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 1

### КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ И КООРДИНАЦИЈА

**Сите планирани активности за овој извештаен период се реализираат 88 % согласно предвидениот рок.**




## УСПЕШНИПРИКАЗНИ

- ✓ **ГС ВРСМ интензивно работи на мерките за јакнење на капацитетите за среднорочно, секторско и годишно планирање, како и за следење, известување и оценување на политиките.**

Во првата половина на 2021 година ГС, како стручна служба на Владата, преку Секторот за стратегија, планирање и следење продолжи да ја обезбедува координацијата на процесот на стратешко планирање преку соодветните институционални облици (сектори или одделенија) за стратешко планирање во министерствата и органите на државната управа. Имено, се воспостави работна група со членови од релевантните министерства и секретаријати (ГС, МФ, МИОА, СЕП, СЗ). Генералниот секретаријат подготви нацрт-Упатство за структурата и елементите што треба да бидат содржани во секторските стратегии, начинот на следење на спроведувањето, евалуацијата и известувањето со Образец за потребната структура на секторската стратегија; Образец за Акциски план; Образец за утврдување ризици на ниво на стратешки цели и стратешки цели и Образец за следење на спроведувањето по приоритетни области / приоритети, цели, мерки и активности. Нацрт-упатството, заедно со Нацрт-Методологијата за начинот на подготвување, следење на спроведувањето, оценување и известување на секторските стратегии како стратешки плански документи, беа доставени до СИГМА и се одржа онлајн состанок на кој претставниците

од СИГМА ги презентираа наодите и препораките. Притоа, од претставниците на СИГМА беше најавена проектна поддршка во насока на финализирање на правната рамка и зголемување на нивото на знаење, вештини, свеста и значењето за стандардизираноста во креирањето, спроведувањето, евалуацијата и известувањето по секторските и мултисекторските стратегии и усогласување/зајакнување меѓу среднорочното и долгорочното планирање.

- ✓ **Има континуирано усогласување на статистичките методологии во национални сметки до висок степен на усогласеност со ЕСА 2010, вклучително и ЕДП нотификациите**

Продолжи усогласувањето со Европскиот систем на сметки (ЕСА) 2010 и табелите за државен долг (ЕДП нотификации).

- ✓ **Се интензивираат на активностите во ДЗС за спроведување на Попис на населението**

Продолжуваат активностите на ДЗС поврзани со Пописот на населението, домаќинствата и становите. Притоа, усвоен и објавен е Законот за Пописот на населението, домаќинствата и становите[1]; подготвена е и објавена Методологијата на Пописот и содржината на пописните прашалници на 07 февруари 2021 година; стартуваше пописната кампања и промовирана е веб-страницата за Пописот на населението 2021 година. Дополнително, ДЗС во соработка со надворешна компанија (конзорциум од три фирми), подготви пописна апликација за попишувањето во земјата со примена на комбинираниот пописен метод (користење претпописна база на податоци од административни извори на податоци и теренско попишување) на преносни компјутери/лаптопи.

- ✓ **Се зајакнува ИТ капацитетот за прибирање, производство и дисеминација на статистики со набавка на хардвер и софтвер**

Потпишан е Меморандум за соработка меѓу ДЗС и МВР.

## ПРЕДИЗВИЦИ

[1] „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 19/ 2021 од 25 јануари 2021 година; Измени на Законот „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 74/ 2021 од 02 април 2021 година.

- ✓ Донесување на новите документи за подобрување на квалитетот на регулативите (Методологија, Упатство и Одлука за ПВР и ОСР) условено од усвојувањето на предлог-Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата;
- ✓ Проектна поддршка од СИГМА, одржување на работилница, финализирање и донесување на Упатство за структурата и елементите што треба да бидат содржани во секторските стратегии, начинот на следење на спроведувањето, евалуацијата и известувањето од страна на Владата;
- ✓ ДЗС да продолжи да ги усогласува финансиските сметки и кварталните национални сметки со Европскиот систем на сметки, 2010 (ЕСС 2010);
- ✓ Навремено организирање и спроведување на Пописот на населението, домаќинствата и становите закажан за септември 2021 година.

# ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 2

## ЈАВНА СЛУЖБА И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

**Од вкупниот број на планирани активности за реализација во извештајниот период, 36 % од активностите се реализирани и се реализираат согласно предвидениот рок.**




## УСПЕШНИ ПРИКАЗНИ

✓ **Унапредување на законската рамка за администрацијата**

Во првото полугодие на 2021 година интензивно се работеше на изработката на предлог-Законот за административни службеници (ЗАС), предлог-Законот за вработените во јавниот сектор (ЗВЈС) и предлог-Законот за висока раководна служба (ЗВРС) со цел нивно меѓусебно усогласување за да бидат подобрени сите недостатоци со кои се соочуваат институциите при примена на постоечките законски решенија, односно за постигнување на ефикасна и професионална администрација.

✓ **Се обезбедува континуирано подобрување на перформансите на административните службеници преку Мрежата за УЧР**

Активностите на Мрежата на организациони единици за управување со човечки ресурси во првото полугодие од 2021 година беа насочени кон организација и координација на специјализирани обуки и консултации за подобрување на перформансите на вработените во одделенијата за човечки ресурси. Согласно Антикорупциската програма со Акциски план[2], МИОА во месец јуни 2021 година спроведе 30 онлајн обуки за 376 лица на следниве теми: Подготовка на годишен план за вработување; Подготовка на Годишен план за обука на административниот персонал и Подготовка на систематизација и

[2] https://www.mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/antikorupciska_programa_-_05.05.2021.pdf

промена на систематизација на работните места во институциите во јавниот сектор.

## ПРЕДИЗВИЦИ

- Недонесување соодветна законска регулатива[3] повлекува доцнење на имплементацијата на активностите од оваа приоритетна област во предвидениот рок

[3] Закон за висока раководна служба, Закон за вработени во јавниот сектор и Закон за административни службеници

## ОДГОВОРНОСТ, ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

**Од вкупниот број на планирани активности за реализација во извештајниот период 50% се реализираат согласно предвидениот рок.**




## УСПЕШНИ ПРИКАЗНИ

- ✓ **Продолжи процесот на Реорганизација/ оптимизација на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби од централна власт**

Во рамките на ИПА 2 проектот: „Поддршка за државна реорганизација“, Министерството за информатичко општество и администрација формираше работна група со претставници од МИОА, МФ, МП, СЗ, МПСОЗ, граѓански сектор и од поголемите политички парти за утврдување на законските одредби за новата организациска поставеност на органите на државната управа. Истовремено, проектните експерти изработија и доставија Упатства за управување со промени, Упатства за реорганизација на министерствата и органите на државната управа и Методологија за мерење на ефикасноста на институциите. Со цел да се вклучат министерствата и Генералниот секретаријат во процесот на реорганизација во Скопје на 9 и 10 јуни 2021 година се одржаа два тематски семинари. Додека, пак, во Охрид се одржаа два семинари за финализирање на нацрт Методологијата за проценка на влијанието за формирање, спојување и укинување на органите на државната управа, на кои учествуваа претставници од 15 министерства и Центар на Влада.

Во јуни 2021 година, проектните експерти ја доставија првата верзија на Интегрираниот извештај за реорганизација на државната администрација.

- ✓ **Обезбедена е поддршка на ДКСК преку проектот ИПА 2: за обезбедување транспарентност, интегритет и етика во јавните институции**

Во рамки на реализацијата на двегодишниот проект ИПА 2 „Транспарентност и отчетност“ се одржаа серија онлајн обуки за подигање на свеста и знаењето за укажување. Со нив беа опфатени повеќе групи на слушатели: овластени лица во институциите за прибирање пријави за недозволиво однесување, вработени од јавната администрација и претставници од институции за надворешно пријавување.

Во извештајниот период во рамки на веќе воспоставената соработка на ДКСК со ОБСЕ Мисијата во Скопје, во 40 општини се назначија лица за интегритет, кои беа обучени за спроведување на насоките за интегритет во рамките на општините.

- ✓ **Продолжи јакнењето на капацитетите на АЗПСПИЈК со имплементацијата на проектот ИПА 2: „Промоција на транспарентност и отчетност на јавната администрација“**

Во рамки на проектот ИПА 2 „Промоција на транспарентност и отчетност на јавната администрација“ во јуни 2021 подготвена е Стратегија на АЗПСПИЈК за 2021-2025 година и Акциски план, како и воведување на ИТ алатки, ДМС и се пушти во употреба нова веб-страница на Агенцијата.

- ✓ **Продолжи зајакнувањето на механизмите за достапност на информациите од јавен карактер**

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер член 5 став 1 и став 2, АЗПСПИЈК редовно ја ажурира Листата на иматели и ја објавува на својата веб-страница. Во извештајниот период Листата на иматели на информации е надополнета со нови иматели, а истовремено се избришани и непостоечките. Во таа насока, Листата содржи вкупен број од 1.439 иматели/институции со над 1700 иматели на информации, односно назначени службеници за посредување со барања за слободен пристап до информации од јавен карактер на национално ниво.

Агенцијата продолжи со претходно воспоставената практика на организирање бесплатни онлајн обуки на платформата ЗООМ. Имено, обуките се одржуваат секој

четврток за имателите на информации и тие можат самостојно да аплицираат на новата е-адреса (obuki@aspi.mk). На овие обуки вкупно учествувале 200 иматели на информации.  Во февруари 2021 година, Агенцијата во соработка со ЗЕЛС одржа онлајн обука на тема: „Слободниот пристап до информации од јавен карактер во едниците за локална самоуправа“ со цел запознавање со одредбите на ЗСПИЈК и одговорностите на раководните лица на локално и регионално ниво. Додека, пак, во март 2021 година во соработка со Импетус реализирана е обуката „Запознавање со права на барателите согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер“ на која присуствуваа 15 лица од 15-20 годишна возраст . Во мај 2021 година, во соработка со Меѓународниот републикански институт (IRI), Агенцијата презеде низа активности насочени кон политичките партии, како иматели на информации. Првата активност беше организација на дводневна обука за 25 службени лица за посредување со информации од политичките партии.

## ПРЕДИЗВИЦИ

- Донесување на новиот ЗООДУ и подготовката на предлогот за реорганизација и оптимизација на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби;
- Обезбедување финансиски средства за реализација на обуки за имателите на информации.

# ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 4

## ДАВАЊЕ УСЛУГИ И ИКТ ПОДДРШКА НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА

**Од вкупниот број на планирани активности за реализација во извештајниот период, 45.5 % се реализираат согласно предвидениот рок.**




## УСПЕШНИ ПРИКАЗНИ

- ✓ **Продолжи јакнењето на капацитетите на институциите за управување со квалитет (ЦАФ)**

Во првото полугодие од 2021 година, Владата на РСМ го усвои Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за воведување на систем за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба. Воедно, Владата на РСМ ја усвои и Информацијата за имплементација на Методологијата за оценка на индекс на квалитет на институциите која го содржи и опфатот на институции во кои новата Методологијата ќе се применува. Во истиот период, МИОА започна со воведување на ИСО стандардите во институцијата[4].

- ✓ Се обезбедува стандардизација на регистрите на податоци за услуги

Направена е бизнис анализа за дизајн на платформа еСИР за управување со дигитални регистри. Започнат е развојот на платформата. Започната е бизнис анализа на Регистарот на регистри и Регистарот на овластувања за е-услуги.

[4] ИСО стандарди кои се воведуваат во МИОА се: ISO 9001:2015, барањата на меѓународниот стандард за системот за управување со информациска безбедност ISO 27001:2013 и барањата на меѓународниот стандард за управување со електронски документи- дизајн и функционирање на информативен систем за чување на електронски документи ISO 14641:2018.

- ✓ **Се обезбедува континуирано поедноставување на процесот на давање услугите**
- ✓ **Продолжуваат активностите за дигитализација на процесите и приклучување на Интероперабилност**

Направена е анализа во рамки на ИПА 2012 проектот, од каде се извлечени податоци за избор на е-услуги, а со тоа и регистри кои треба да се дигитализираат.

Тековното одржување на платформата за интероперабилност, како и активностите за приклучување нови институции и нови сервиси на оваа платформа продолжија и во 2021 година. Бројот на трансакции на втората сервисна магистрала МИМ2[5] забележа континуиран раст и во првата половина од 2021 година овој број изнесува 1.934.890 трансакции. Вкупниот број на институции кои се приклучени на Платформата за интероперабилност заклучно со јуни 2021 години е 38 (вклучително и Националниот портал за е-услуги, Националниот регистар на население и еСДП платформата). На располагање се 540 веб сервиси/методи за размена на податоци.

- ✓ **Продолжи отворањето на центрите на услуги за „Една точка за услуги" во градовите кои имаат над 25.000 жители.**

Во извештајниот период отворени се ЕТУ центрите во Куманово и Битола, а во тек се и обуките за лицата кои ќе работат во ЕТУ-Охрид.

Во рамките на проектот Една Точка за услуги, подготвена е веб страна за ЕТУ центрите (https://etu.uslugi.gov.mk), а воспоставени се и три дополнителни софтверски системи како гаранција дека во ЕТУ центрите ќе биде испорачувана максимално квалитетна услуга и тоа: Национален Систем „Редослед на клиенти – "Земи Бројче[6], Национален Систем „Оцени ја Администрацијата –

[5]Првата сервисна магистрала од Платформата за интероперабилност е згасната заклучно со 01.03.2021 и сите активни сервиси се пренасочени и функционираат на втората сервисна магистрала МИМ2.

[6]Национален систем „Редослед на клиенти - Земи Бројче претставува централизиран веб базиран систем (https://qms.uslugi.gov.mk) кој има за функција да воспоставува ред за чекање при остварување на услуга, при што истиот освен за ЕТУ центрите, ќе им биде ставен на располагање и на сите заинтересирани институции, кои ќе можат да го користат системот преку поставување на Апарат за издавање на тикети. Со тој систем МИОА централизирано ќе може да следи обемот на работа на секој шалтерски службеник во реално време и оптеретеноста на секоја институција

"Семафор"[7] иНационален Систем „Резервирај Термин за услуга – "Мој ред"[8].

| | |
|---|---|
| ✓ **Националниот портал за е-услуги континуирано се ажурира** | Националниот портал за е-услуги постојано се ажурира и во него се внесуваат нови е-услуги. До 30.06.2021 година се внесени и електронски услуги во Министерството за образование и наука (како што е упишување на дете во прво одделение), во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и Министерството за труд и социјална политика. |
| ✓ **Се дигитализираат регистрите за давање услуги** | Во првата половина од 2021 година, беа доставени и активирани повеќе барања за интеграција и користење на податоците содржани во Централниот регистар на население. Имено, беа активирани полиси за користење на податоците за Министерството за образование и наука и Централниот регистар на РСМ. Во соработка со Државниот завод за статистика, а како дел од активностите за подготовка и реализација на претстојниот попис, беше воспоставена посебна интеграција на системот во ДЗС и ЦРРСМ. По успешното тестирање на интеграцијата на системите, беа разменети податоците за сите граѓани потребни за користење при спроведување на пописот. Исто така, во овој период беа направени интеграции и подобрување на веб сервисите кои се користат за интеграција со Македонски Телеком АД – Скопје и Евротруст Технолоџис ДООЕЛ. |

## ПРЕДИЗВИЦИ

- Недостатокот на финансиски ресурси за оценка на индексот на квалитет во предвидените 10 институции според планот за реализација;

[7]Национален Систем „Оцени ја администрацијата" – Семафор, (*https://etu.uslugi.gov.mk/pages/rating-report*) овозможува преку скенирање на QR код кој е содржан на тикетот за реден број граѓаните по завршувањето на услугата, граѓаните да го оценат шалтерскиот службеник, квалитетот на услугата и квалитетот на институцијата. Исто така, подготвена е и андроид апликација, која е во процес на одобрување за да биде прикачена на Google Play store

[8]Национален Систем „ Резервирај термин за услуга" – Мој ред, (https://etu.uslugi.gov.mk/pages/reservation) овозможува на граѓаните да закажат термини за остварување на услуга кој функционира во ЕТУ центрите во Скопје и Куманово, а истиот ќе се користи во сите ЕТУ центри, но дополнително може да им биде ставен на располагање и на останатите заинтересирани институции кои работат со странки, при што граѓаните преку веб прелистувач или преку андроид апликација ќе може да си резервираат термин со точно време за остварување на услугата.

- Подобрување на реализацијата на активностите кои се имплементираат со донаторска поддршка;
- Недостатокот на финансиски и човечки ресурси во институциите за подобрување на каналите на електронска комуникација во администрацијата, останува еден од најголемите предизвици во оваа област.

## II. СТАТУС НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА ПЕРИОДОТ ФЕВРУАРИ 2018 – ЈУНИ 2021 ГОДИНА

За обезбедување целосен приказ на имплементацијата на сите активности предвидени од донесувањето на СРЈА и АП (февруари 2018) до крајот на овој извештаен период (јуни 2021 година), овој дел од Извештајот нуди преглед на 200 активности од кои: 97 активности се реализирани, 24 активности се во тек и 79 активности доцнат со реализација или не се почнати во предвидениот период.

Земајќи го предвид погоре наведеното, целосната реализација на АП, од донсувањето на СРЈА 2018 – јуни 2021 година е прикажан во графикот подолу.

**Вкупен степен на реализација на АП (Февруари 2018 - Јуни 2021)**




Скоро половина од активностите, односно 48 % предвидени за периодот февруари 2018 – јуни 2021 година се реализирани, 12% од активностите се во тек на реализација, додека пак 40% доцнат со реализација согласно предвидената временска рамка во АП од СРЈА .

**Вкупен степен на реализација на АП процентуално**

(февруари 2018 - јуни 2021)




П.О. 1 КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ И КООРДИНАЦИЈА

(февруари 2018 - јуни 2021)




П.О. 2 ЈАВНА СЛУЖБА И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

(фев руари 2018 - јуни 2021)




П.О. 3 ОДГОВОРНОСТ, ОТЧЕТНОСТ ТРАНСПАРЕНТНОСТ АДМИОНИСТРАЦИЈАТА

П.О. 4 ДАВАЊЕ УСЛУГИ И ИКТ ПОДРШКА НА

(ф евруари 2018 - јуни 2021)




(февруари 2018 - јуни 2021



# III. СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

Во претстојниот период е потребно е донесување на соодветна законска регулатива (Закон за висока раководна служба, ЗВЈС и ЗАС) која претставува основа за понатамошно професионализирање на администрацијата и високата раководна служба, со цел навремена имплементација на активностите предвидени во Акцискиот план од Стратегијата за РЈА (2018 -2022).